

# Политика за податоци на групацијата Renault („Закон за податоци“)

Политика за податоци на групацијата Renault

## 1. Закон за податоци на ЕУ и Политика

Целта на Регулативата (ЕУ) 2023/2854 (Закон за податоци), која стапи на сила на 12 септември 2025 година, е да се поттикне иновацијата и економскиот раст во ЕУ преку овозможување на проток на податоци генерирани од поврзани производи и услуги.

Во согласност со Законот за податоци, корисниците на поврзани производи и услуги имаат право на пристап до одредени податоци генерирани од тие производи и услуги, како и право да ги споделуваат тие податоци со трети страни.

Пример, корисниците на поврзани возила произведени од групацијата Renault, под одредени услови, би можеле да имаат пристап до податоци од километража преземени од нивните возила и достапни на серверот на Renault и истите да бидат споделени со нивниот механичар или осигурителна компанија.

Оваа Политика ја одразува примената на правилата на Законот за податоци на релевантните активности што ги извршува групацијата Renault.

## 2. Што е поврзан производ и поврзана услуга?

Поврзан производ е производ (пр. возило) кој стекнува, генерира или собира податоци поврзани со неговата употреба или околина, кои можат да ги пренесуваат податоците за производот преку електронска комуникациска услуга, физичка врска или пристап на уредот (на пр. Wi-Fi, Bluetooth или мобилна интернет мрежа). Производите чија главна функција е да складираат, обработуваат или пренесуваат податоци во име на која било страна освен корисникот (на пр. сервери целосно управувани во име на трети страни) се исклучени од оваа дефиниција. На пример, возило на Renault произведено од групацијата Renault за кое одредени податоци можат да се видат на мобилната апликација My Renault или преку кој било друг електронски метод се смета за поврзан производ. Ова важи и за возила од други брендови на групацијата Renault,  пр. Dacia.

Поврзаната услуга е:

- дигитална услуга, освен електронска комуникациска услуга (на пример, давател на интернет услуги),

- која е поврзана со производот во моментот на купување, изнајмување или лизинг и

- неопходна за извршување на една или повеќе од неговите функции.

Поврзана услуга може да биде и услуга што производителот или трета страна последователно ја поврзува со производот со цел да ги прошири, ажурира или прилагоди функциите на поврзаниот производ.

На пример, програмирањето за далечинско полнење и контролата на температурата преку апликацијата My Renault се сметаат за поврзани услуги.

**3. На кого се однесува оваа Политика?**

Оваа Политика се однесува на:

- Groupe Renault или една од неговите подружници, доколку Renault и/или таа подружница е контролор на податоци како што е дефинирано во Законот за податоци (во понатамошниот текст: „Renault", „ние" или „нас"),

- сите корисници на поврзаните производи или поврзани услуги за кои Groupe Renault е контролор на податоци во смисла на Законот за податоци, и

- секоја трета страна назначена од корисникот да прима лесно достапни податоци од Groupe Renault („трета страна" или, доколку третата страна дејствува во професионален капацитет, „примател на податоци", при што се наведува дека примателот на податоци може да прима и податоци од Renault во согласност со други законски обврски).

Renault се смета за контролор на податоци во случаи кога има право или обврска да ги користи податоците и да ги стави на располагање во согласност со специфична законска или договорна обврска.

Корисник е секое физичко или правно лице:

- кое поседува поврзан производ, како што е поврзано возило или станица за полнење произведена од Renault, или

- на кое му се пренесени привремени права за користење на тој поврзан производ според договор (на пр. според договор за изнајмување или лизинг), или

- кое прима поврзана услуга.

**4.Која е целта на оваа Политика за податоци?**

Оваа Политика за податоци ги дефинира правата и обврските на субјектите на податоци, корисниците и третите страни (вклучувајќи ги и примателите на податоци) според Законот за податоци.

Доколку е соодветно, оваа Политика е дополнета со специфични одредби од договорите склучени помеѓу Groupe Renault, корисниците и третите страни. Доколку некоја од овие одредби е во спротивност со Политиката, ќе има предност договорната одредба.

Оваа Политика ги дополнува нашите политики за приватност.

Во случај на спротивност помеѓу оваа Политика и нашите политики за приватност, ќе имаат предност политиките за приватност.

**5. На кои податоци можат да пристапат корисниците?**

Корисниците можат да пристапат до:

- лични и нелични податоци генерирани со употреба на специфичен поврзан производ (како што се поврзани возила на Renault) ако овие податоци се дизајнирани да бидат преземени од страна на корисникот, субјектот на податоци или трета страна преку електронска комуникациска услуга, физичка врска или пристап на уред (на пр. податоци од километража во поврзано возило);

- лични и нелични податоци што претставуваат кориснички дејства или настани поврзани со поврзаниот производ што корисникот намерно ги снимил или кои индиректно произлегуваат од корисничките дејства за време на обезбедувањето на поврзаната услуга (на пр. барање преку апликацијата My Renault за далечинско полнење); и

- мета податоци релевантни и неопходни за толкување и користење на тие податоци (на пр. времето и датумот на сите пријавени податоци).

Корисниците можат да пристапат до овие податоци ако Renault законски ги добил или може законски да ги добие од поврзаниот производ или поврзаната услуга, без непропорционален напор што оди подалеку од едноставна акција (во понатамошниот текст: „лесно достапни податоци“).

Корисниците можат да пристапат и до „сурови“ или „примарни“ податоци, т.е. точки на податоци што се генерираат автоматски без каква било форма на обработка освен онаа што е потребна за да бидат разбирливи и употребливи. Сепак, корисниците немаат пристап до никакви „изведени“ податоци што произлегуваат од дополнителни напори од страна на сопственикот на податоците (подобрување на суровите податоци, особено преку употреба на сложени алгоритми).

Конечно, постојат специфични правила за одредени типови податоци, наведени подолу.:

| Вид на податоци | Дефиниција | Пример | Правила |
|---|---|---|---|
| Политика за безбедност на поврзани производи | Податоци чија обработка би можела да ги загрози безбедносните барања на поврзаниот производ, што доведува до сериозен негативен ефект врз здравјето, безбедноста или заштитата на физичките лица. | Податоци за безбедносните компоненти во возилото<br>Податоци што се користат за откривање на неовластени упади во возилото<br>Податоци за откривање на промени во системите за контрола на емисиите на возилото | Пристапот, употребата и споделувањето на овие податоци може да бидат ограничени или забранети со договор. |
| Податоци заштитени како трговска тајна | Деловно чувствителни информации што се сметаат за трговска тајна и се опфатени со мерки за зачувување на доверливоста на податоците. | Податоци релевантни за управувањето со доверлива технологија што ја користи Renault | Податоците што се сметаат за трговска тајна се заштитени и ќе бидат откриени само ако Renault, заедно со корисникот, ги презел сите потребни чекори за заштита на доверливоста на таквите податоци пред нивното откривање (на пр. енкрипција, firewall-ови итн.). Renault, или имателот на трговската тајна, ги идентификува податоците заштитени како трговска тајна и се согласува со корисникот за пропорционалните технички и организациски мерки потребни за заштита на доверливоста на податоците споделени преку стандарден договор или друг вид договор.<br>Доколку не се постигне договор за потребните мерки или ако корисникот не ги спроведе договорените мерки или ја компромитира доверливоста на трговските тајни, Renault може да го одбие или суспендира споделувањето на податоци идентификувани како трговски тајни. Ќе ја оправдаме нашата одлука без непотребно одложување и ќе му ја соопштиме на корисникот во писмена форма.<br>Во исклучителни околности, доколку можеме да покажеме дека и покрај мерките преземени од корисникот, од откривањето на трговските тајни многу веројатно би можела да произлезе сериозна економска штета, Renault може, во зависност од индивидуалниот случај, да одбие барање за конкретните податоци за кои станува збор. Докажувањето на ризиците што произлегуваат од откривањето се базира на објективни фактори. |
| Лични податоци што се однесуваат на лице кое не е корисник | Податоци што се однесуваат на идентификувано или препознатливо лице (во смисла на GDPR) кое не е корисник и кои се генерирани преку употреба на поврзан производ или услуга. | Податоци од камери во возилата што ги снимаат минувачите | Овие податоци му се достапни на корисникот само ако постои валидна законска основа за тоа според GDPR и ако се исполнети условите во врска со чувствителните податоци и алатките за следење и колачињата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Податоци заштитени како интелектуална сопственост | Податоци заштитени со авторски права или трговска марка, патент или дизајн (без правата за база на податоци). | Податоци поврзани со содржината прикажана или гледана од корисниците, како што е музиката што корисниците ја слушаат во возилото | Корисниците немаат право да пристапуваат или да ги споделуваат овие податоци. |

Подолу е делумен список на типовите податоци што можат да бидат генерирани со користење на поврзани возила и поврзани услуги.

Списокот ги вклучува само податоците што веќе се генерирани од возилото, што зависи од следново (без ограничување):

- верзија, инсталирана опрема, намена, модификации и задржување на правата во врска со дигиталните услуги;

- услуги што сте ги активирале во возилото;

- опции што сте ги избрале во поставките за приватност за вашето возило.

Ве молиме имајте предвид дека примерите на податоци наведени подолу се однесуваат исклучиво на „сурови“ или „примарни“ податоци генерирани без никаква обработка освен онаа што е потребна за да бидат разбирливи и употребливи.

| Категорија | Пример на податоци |
|---|---|
| Податоци за геолокација на возилото | • Позиција на возилото на почетокот и крајот на патувањето<br>• Позиција на возилото во движење, на секои три секунди<br>• Локација на специфични инциденти: ненадејно сопирање, ненадејно свртување, активирање на ABS, итно сопирање, воздушни перничиња итн. |
| Информации за патување | • Поминати километри<br>• Времетраење на патувањето<br>• Датум/ден/време на патувањето<br>• Потрошувачка на гориво за време на патувањето |
| Податоци за полнење на возила | • Ниво на полнење<br>• Тип на полнење<br>• Тип на станица за полнење (AC/DC)<br>• Просечна моќност на полнење<br>• Време на почеток и крај на полнење |
| Податоци за возење | • Брзина, надолжно и странично забрзување<br>• Употреба на педалите за сопирање, гас и куплунг<br>• Брзина на правувачот<br>• Позиција на рачката на менувачот<br>• Употреба на комадните на управувачот |
| Податоци за употребата на секундарни функции во возилото | • Користење на бришачите<br>• Користење на кратки и долги светла<br>• Користење на трепкачите<br>• Избран режим на работа |
| Податоци за патниците во возилото и користењето на вратите и прозорците | • Отворање на врати<br>• Детекција на возач и патник<br>• Детекција на безбедносни појаси<br>• Отворање на прозорци |
| Податоци за користење на функции поврзани со температурата во возилото | • Користење на климатизација и греење: активирање, подесувања на температурата, вентилација |
| Податоци за временски услови | • Надворешна температура<br>• Сензор за дожд<br>• Сензор за светлина |

| | |
|---|---|
| Податоци за состојбата на возилото | • Километража (бројач на вкупна километража)<br>• Предупредувачко светло за промена на масло или одржување<br>• Предупредувачко светло за ниво на гориво во возилото<br>• Предупредувачко светло за ниво на издувни гасови од дизел мотори<br>• Предупредувачко светло за дефект (MIL ON)<br>• Дефект на системот: ABS (Систем за сопирање против блокирање), AFU (Помош при сопирање во итни случаи), ESC (Електронска контрола на стабилноста), Воздушно перниче<br>• Детекција на судир |
| Информации за притисокот во пневматиците | • Мерење на притисокот во пневматиците (директно мерење) |
| Податоци за активирање на системот | • Мерење на силата и брзината на страничното управување<br>• Настани за активирање на системот за сопирање<br>• Времетраење на активирање на системот за сопирање<br>• Притисок на сопирањето |
| Податоци за состојбата на моторот и системот | • Број на вртежи на моторот (вртежи во минута)<br>• Температура на ладење<br>• Статус на полнење на филтерот за честички на дизел<br>• Напон на ќелиите на батеријата<br>• Температура на батеријата<br>• Вкупна потрошувачка на енергија<br>• Статус на батеријата<br>• Температура на ладење на батеријата<br>• Струја на батеријата<br>• Предупредување за температура на батеријата<br>• Полнење на батеријата од 12 V |

**6. Како корисниците можат да пристапат до овие податоци?**

Од 12 септември 2025 година, корисниците можат да ги видат различните видови податоци генерирани од поврзани возила и поврзани услуги користејќи ја платформата Mobilize Data Solutions: https://datasolutions.mobilize.com/home

Корисниците ќе бидат информирани за постапката за пристап до овие податоци подоцна, штом ќе им се одобри пристап.

Доколку барањето на корисникот ги исполнува сите важечки законски барања, ние ќе ги откриеме лесно достапните податоци и поврзаните мета податоци:

- без непотребно одложување откако податоците ќе станат достапни за Groupe Renault,

- со ист квалитет како оној достапен за Renault,

- на едноставен и безбеден начин,

- во сеопфатен, структуриран, најчесто користен и машински читлив формат (на пр. API или Streaming),

- каде што е релевантно и технички изводливо, континуирано и во реално време.

Сите барања на корисниците за откривање на податоци се бесплатни.

**7. На кого корисниците можат да откриваат податоци?**

Откако корисниците ќе бидат информирани за процедурите за пристап до податоци, тие исто така ќе можат да побараат од Renault да сподели лесно достапни податоци со трета страна, како и податоци до кои им е дозволен пристап според Законот за заштита на податоците. Пристапот на трети страни исто така ќе биде одобрен без непотребно одложување, а податоците ќе бидат со ист квалитет како оние што се достапни за Renault, достапни на едноставен и безбеден начин и во сеопфатен, структуриран, најчесто користен и машински читлив формат. Сепак, од третите страни ќе се бара да платат надомест на Renault, доколку е применливо (погледнете став 14).

На пример, корисниците ќе можат да побараат од Renault да сподели лесно достапни податоци генерирани од нивното поврзано возило со механичар или осигурителна компанија.

Барањето на корисникот за споделување податоци може да вклучува која било трета страна, освен претпријатија назначени како контролори на пристап според Законот за дигитални пазари на ЕУ, како што се Alphabet, Amazon, Apple, ByteDance, Meta и Microsoft.

Корисниците не смеат да споделуваат лесно достапни податоци со трети страни во контекст на тестирање на нови поврзани производи, супстанции или процеси што сè уште не се

пласирани на пазарот, освен ако нивната употреба не е договорно дозволена на третата страна.

**8. Како третите страни пристапуваат до податоците врз основа на барање на корисникот?**

Од 12 септември 2025 година, третите страни ќе можат да ги видат различните видови податоци што можат да бидат генерирани од поврзаните возила и поврзаните услуги користејќи ја платформата Mobilize Data Solutions: https://datasolutions.mobilize.com/home.

Третите страни ќе можат да добијат информации за условите и процедурите за пристап до податоците преку контактирање на Renault преку формуларот достапен на платформата Mobilize Data Solutions. Пристапот ќе биде можен подоцна.

**9. Кои се обврските на третите страни што примаат податоци врз основа на барање на корисникот?**

Третите страни можат да ги обработуваат податоците само за целите и под условите договорени со корисникот и предмет на законодавството за заштита на податоците.

Третите страни мора да ги избришат податоците кога повеќе не се потребни за договорената цел, освен ако не е поинаку договорено со корисникот во врска со податоците што не се лични.

Третите страни не смеат:

- да им го отежнуваат на корисниците остварувањето на нивните избори или права, вклучително и со нудење на ненеутрални избори или со присилување, заведување или манипулирање на корисниците, или со мешање во автономијата, донесувањето одлуки или изборот на корисниците, вклучително и преку дигитален интерфејс;

- да ги користат податоците што ги добиваат за профилирање, освен ако тоа не е потребно за да се обезбеди услугата што ја бара корисникот и во согласност со GDPR;

- да ги ставаат податоците што ги добиваат на располагање на друга трета страна, освен ако тоа не е предвидено во договор со корисникот и под услов другата трета страна да ги преземе

сите потребни мерки договорени помеѓу контролорот на податоците и третата страна за да ја зачува доверливоста на деловните тајни;

- да ги ставаат податоците што ги добиваат на располагање на поголеми онлајн платформи, дејствувајќи како чувари на портите како што е дефинирано во Законот за дигитални пазари на ЕУ;

- да ги користат или споделуваат податоците што ги добиваат за да развијат производ што се натпреварува со поврзаниот производ од кој потекнуваат пристапените податоци;

- да ги користат податоците што ги добиваат за пристап до информации за економската состојба, средствата и методите на производство на Renault или како Renault ги користи податоците;

- да користат принудни средства или да злоупотребуваат слабости во техничката инфраструктура на Renault дизајнирана да ги заштити податоците со цел да добијат пристап до предметните податоци

да ги користат податоците на начин што негативно влијае на безбедноста на поврзаниот производ или услуга;

да ги игнорираат специфичните мерки што Renault, или имателот на трговските тајни, ги договорил со корисникот во врска со доверливите информации и трговските тајни;

да го спречат корисникот кој е потрошувач да ги стави податоците што ги добива на располагање на други страни.

**10.Кои мерки за заштита можат да се спроведат доколку податоците се користат незаконски?**

| Ситуации во кои можат да се спроведат заштитни мерки | Заштитни мерки што можат да се спроведат |
|---|---|
| Третата страна или примателот на податоците:<br>- дала лажни информации на Renault, применила измамнички или принудни средства или злоупотребила недостатоци во техничката инфраструктура на Renault дизајнирана да ги заштити податоците со цел да ги добие тие податоци;<br>- ги користела податоците што биле достапни за неовластени цели, вклучително и за развој на конкурентски поврзан производ;<br>- незаконски ги открила податоците на друга страна;<br>- не ги одржала техничките и организациските мерки договорени со Renault или носителот на трговската тајна; или<br>- ги изменила или отстранила, без согласност на Renault, мерките за техничка заштита имплементирани од Renault за да спречи неовластен пристап до податоците, вклучително и мета податоците, и да обезбеди усогласеност со Законот за податоци. | Третата страна или примателот на податоците мора без непотребно одложување да ги исполни барањата на Renault, носителот на трговската тајна или корисникот:<br>- да ги избрише податоците што ги ставил на располагање Renault и сите нивни копии;<br>- да престане i. со производството, нудењето или пласирањето на пазарот или употребата на стоки, изведени податоци или услуги, кои биле произведени врз основа на знаењето стекнато со користење на податоците што ги ставил на располагање Renault или ii. со увозот, извозот или складирањето на стоките што ги повредуваат правата за овие цели;<br>- да ги уништи сите стоки што ги повредуваат правата што биле произведени врз основа на знаењето стекнато со користење на податоците што ги ставил на располагање Renault, ако постои сериозен ризик дека незаконското користење на тие податоци ќе предизвика значителна штета на Renault, носителот на трговската тајна или корисникот, или ако уништувањето на стоките што ги повредуваат правата не би било непропорционално со интересите на Renault, носителот на трговската тајна или корисникот;<br>- да ги извести корисниците за неовластено користење или откривање на податоци и за мерките преземени за запирање на таквото неовластено користење или откривање на податоци;<br>- да се обесштети страната која е жртва на злоупотреба или откривање на такви податоци до кои е незаконски пристапено или употребено. |

Горенаведените заштитни мерки важат и за i. корисници или приматели на податоци кои ги менуваат или отстрануваат техничките или организациските мерки имплементирани од Renault или кои не ги одржуваат мерките за заштита на податоците што претставуваат трговска тајна имплементирани од корисникот или носителот на трговската тајна (доколку не е истото лице) во согласност со Renault и ii. која било друга страна што прима кориснички податоци поради прекршување на Законот за заштита на податоци.

Корисниците можат да се потпрат и на овие заштитни мерки ако примателот на податоците му го отежнува непотребно користењето на изборите или правата на корисникот или ги користи податоците за профилирање, освен ако профилирањето не е потребно за обезбедување на услугата што ја бара тој корисник.

**11.Кои се обврските на корисниците во однос на податоците?**

Корисниците:

- мора да ги користат податоците само за целите договорени со Renault и во согласност со законската регулатива и условите договорени со Renault,

- мора да ги почитуваат заштитните мерки договорени со Renault за да се зачува доверливоста на споделените податоци;

- не смеат да ги користат податоците добиени од Renault за развој на производ што се натпреварува со поврзаниот производ од кој потекнуваат податоците или да ги споделуваат со друга трета страна за таа цел;

- не смеат да ги користат податоците за добивање информации за економската состојба, средствата и методите на производство на Renault;

- не смеат да користат принудни средства или да ги злоупотребуваат слабостите во техничката инфраструктура на Renault дизајнирана да ги заштити податоците со цел да се добие пристап до предметните податоци; и

- не смеат да ги споделуваат податоците со трети страни, како што се главните онлајн платформи назначени како чувари на податоци според Законот за дигитални пазари на ЕУ.

**12.Кои се обврските на Renault кон примателите на податоци како контролор на податоци?**

Во своите односи со други компании, Renault ги става податоците на располагање на примателите на податоци под фер, разумни и недискриминаторски услови и на транспарентен начин.

Renault не прави дискриминација помеѓу споредливи категории на приматели на податоци во однос на условите за достапност на податоците. Доколку примателот на податоци смета дека податоците му се доставени под дискриминаторски услови и поднесе образложено барање во врска со ова, Renault ќе обезбеди информации без непотребно одложување што покажува дека немало дискриминација.

Renault не користи неправедни договорни услови во смисла на Законот за податоци или клаузули што ја исклучуваат примената на правата на корисникот според Поглавје II од Законот за податоци или што отстапуваат од или го менуваат ефектот на тие права.

Renault ги става податоците на располагање на примателот на податоци, вклучително и на ексклузивна основа, само ако корисникот го побара тоа во согласност со Поглавје II од Законот за податоци.

Renault и примателите на податоците не се обврзани да обезбедат никакви информации освен оние што се потребни за да се потврди усогласеноста со договорените договорни одредби за достапност на податоците или со нивните обврски според правото на ЕУ и националното законодавство донесено во согласност со правото на ЕУ.

Renault може да побара надомест од примателите на податоците за достапност на податоците по барање на корисникот. Оваа надомест ќе биде недискриминаторска и разумна и може да вклучува маржа.

При утврдување на надоместокот ќе се земат предвид следните елементи:

- трошоците направени за достапност на податоците, вклучувајќи ги трошоците потребни за форматирање на податоците, нивно електронско ширење и нивно складирање;

- инвестицијата во собирањето и производството на податоците, доколку е применливо, земајќи предвид дали други страни придонеле за стекнување, генерирање или собирање на предметните податоци;

- количината, форматот и природата на податоците.

Сепак, надоместокот што го наплаќа Renault не смее да ги надмине трошоците наведени во првата од горенаведените точки ако примателите на податоците се мали и средни

претпријатија или непрофитни истражувачки организации без партнерски компании или поврзани компании кои не се сметаат за мали и средни претпријатија.

Renault ќе им обезбеди на примателите на податоци доволно детални информации што ја наведуваат основата за пресметување на надоместокот за да му овозможи на примателот на податоците да утврди дали се исполнети горенаведените барања.

## 13. Како да постапите во случај на жалба?

Доколку имате жалба, ве молиме контактирајте го Renault користејќи го формуларот на платформата Mobilize Data Solutions (https://datasolutions.mobilize.com/contact-us).

Ќе се потрудиме да одговориме и да ги обработиме вашите барања што е можно поскоро.

Доколку не сте задоволни од нашиот одговор, можете да контактирате со надлежниот орган за решавање на спорови, без да се наруши вашето право да побарате правен лек пред надлежните судови.

Институцијата за решавање на спорови е надлежно за решавање на жалби поврзани со:

- договорни ограничувања или забрани во врска со безбедносните барања на поврзаниот производ или одбивања или суспензии на споделување на податоци со цел да се заштити доверливоста на податоците;

- фер, разумни и недискриминаторски услови што се применуваат за обезбедување на податоци и транспарентен начин на кој таквите податоци се достапни во согласност со поглавјата III и IV од Законот за податоци.